Врз основа на член 115 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 и 88/2008) и член 148 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМОТ ЗА РАНГИРАЊЕ НА СУБ-ЧУВАРОТ НА ИМОТ

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија"бр.138/2008 и 46/2010)**

## Член 1

Со овој правилник се определува долгорочниот кредитен рејтинг препорачлив за инвестирање (во натамошниот текст: рејтинг) како критериум за рангирање на банка како суб-чувар на имот.

## Член 2

Рејтингот на банка која врши работи на суб-чувар на средствата на пензиските фондови треба да биде издаден најмалку од една од следниве реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции:

а) Standard & Poor's
б) Moody's
в) Fitch

## Член 3

(1) Рејтинг на банка која врши работи на суб-чувар на средствата на пензиските фондови да биде:

а) А или повисок според Standard&Poor's, или
б) А2 или повисок според Moody's, или
в) А или повисок според Fitch

или нивни еквивалентни ознаки, врз основа на посебните правила и дефиниции кои ги користат кредитните рејтинг агенции од член 2 на овој правилник.

(2) Доколку банката постојано не го одржува рејтингот од став (1) на овој член, чуварот на средствата на пензиските фондови избира нов суб-чувар на имот.

## Член 4

Специјализирана депозитарна институција која врши работи на суб-чувар на средствата на пензиските фондови може да биде Euroclear и/или Clearstream.

Член 5

Чуварот на имот доставува до Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување писмо и копија од извештај изготвен од страна на реномираната меѓународна кредитна рејтинг агенција со кои се потврдува рејтингот на банката суб-чувар на имот при склучување на договорот со суб-чуварот како и за секоја наредна промена на рејтингот.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумот за рангирање на суб-чуварите на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2006).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Член 8

(Член 2 од „Службен весник на Република Македонија”бр. 46/2010)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.